*МАКЕДОНИЈА*

# Џафери – ЗНМ и меѓународни новинарски организации : „Треба да го продолжиме напредокот во медиумските слободи“

Објавено пред **1 месец** - **6 јуни, 2023**
Од **Макфакс**





(Видео) Русин порачал п
Белград, па се разочарал

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, денеска оствари средба со претставници на Здружението на новинарите на Македонија и на неколку меѓународни новинарски организации.

Дознај прв!

НАЈНО


РЕГИОН / 2 часа
Пожарникар
борат со пож
илјадници д
камп


ВЕСТИ / 2 часа
Каде исчезн
кинеската ди
откажа низа


СВЕТ / 2 часа
Русија започ
напади на ју
Украина


СВЕТ / 2 часа
Блинкен: Не

На средбата се дискутира за напредокот на земјата во однос на слободата на медиумите, за активностите што се преземаат во Собранието во насока на дополнително подигање на нивото

на транспарентност и отчетност и за законите и процедурите што се однесуваат на новинарите и медиумите, како и за вклученоста на новинарските здруженија во нивното донесување.

Џафери во неговиот збор потенцира дека веднаш се огласил на барањето за средба, со оглед на неговите континуирани заложби за целосна отвореност на Собранието кон јавноста и за постојана комуникација со новинарите преку доследно почитување на слободата на говорот и мислата и на независноста на медиумите. Притоа тој нагласи дека ги перципира новинарите како партнери во развојот на демократските процеси во земјата за што е неопходно јакнење на транспарентноста на највисоките државни институции и постојан дијалог меѓу новинарите и носителите на државни функции. Во таа насока претседателот на Собранието говореше за практиката воведена од негова страна за одржување редовни месечни брифинзи со собраниските известувачи, на кои информира за завршените, тековните и за планираните обврски и активности во законодавниот дом. Тој исто така посочи дека во интерес на јавноста и граѓаните сите јавни информации што се однесуваат на работата на законодавниот дом редовно се објавуваат и ажурираат на веб-страницата на Собранието.

На средбата, беше поздравено донесувањето на измените на Кривичниот законик со цел поголема безбедност и сигурност на медиумските работници како регулатива што беше подготвена во соработка со ЗНМ, а која овозможува евентуалните напади врз новинари да се третираат како напад врз службено лице. Се разговараше и за можностите за формирање фонд за поддршка на медиумите како еден од механизмите што би обезбедил поголем плурализам во медиумската сфера. Особено беше истакнат фактот дека Северна Македонија напредува во однос на слободата на медиумите, така што се искачила на 38. место според индексот на „Репортери без граници“, за што Џафери посочи дека во иднина треба да се вложат напори тој напредок да продолжи и понатаму да се унапредува.

Овој состанок е во рамките на мисијата Fact Finding на Здружението на новинарите на Македонија, чија цел е подобро разбирање на медиумската ситуација во земјата, со експертизата на претставници на кредибилни меѓународни организации, кои изминативе неколку дена остваруваат средби со клучните институции во земјата.

Like Share Tweet

©Makfax.com.mk Доколку преземете содржина од оваа страница, во целост сте се согласиле со нејзините Услови за користење.

ПОВРЗАНИ АРТИКЛИ:

ПРЕТХОДНО
Двајца судии поднесоа оставки од Судскиот совет по хаосот и кавгите

СЛЕДНО
Уставниот суд укина дел од правилникот на АВМУ, кој ги уредува условите за добивање дозволи за радио и телевизиско емитување

БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА И...

МАКЕДОНИЈА

Не само за Иловица, 86 концесии ДПМНЕ има потпишано за рудници, велат од СДСМ

Објавено пред **25 минути** - 18 јули, 2023

Од **Макфакс**

Во време на зенитот на режимот, ДПМНЕ и Никола Груевски дадоа концесии за рудникот Иловица, но и други 85 концесии за рудници низ целата држава, соопшти СДСМ.

Дознај прв!

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

---

*МАКЕДОНИЈА*

# Во дел од Скопје половина ден без струја

Објавено пред **2 часа** - 18 јули, 2023

Од **Макфакс**

Регионалниот центар за управување со кризи на Град Скопје, по добиеното известување од ЕВН, ги известува граѓаните дека, поради технички зафати во електро дистрибутивната мрежа, без електрична енергија денеска ќе остане:

Дознај прв!

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

*МАКЕДОНИЈА*

# На „Табановце“ и „Богородица“ за влез во државата се чека околу 45 минути

Објавено пред **2 часа** - **18 јули, 2023**
Од **Макфакс**

Поради зголемена фреквенција на возила, на граничните премини „Табановце“ и „Богородица“ за влез во државата времето на чекање е околу 45 минути.

Дознај прв!

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

RSS МАРКЕТИНГ ИМПРЕСУМ КОНТАКТ УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ

Copyright © 2018 - Member of IAB Macedonia